**ОГЛАС**
Датум на објава: 01.09.2020 година

**Рурална Коалиција Куманово**, во рамките на проектот "Родовата еднаквост – клуч за економски силна рурална заедница ", кој што го спроведува во партнерство со здружението на жени фармери Моја Фарма од Гостивар објавува оглас за избор на **1 обучувач/ка** за одржување на еднодневна обука за лобирање и застапување на барањата на жените од руралните средини за нивно економско зајакнување.

Целта на обуката е жените од руралните средини, дел од Руралното женско лоби да се стекнат со неопходните знаења и практики за застапување на нивните барања и потреби пред институциите, со акцент на нивното економско економско зајакнување.

Обучувачот/ката треба да ги исполнува следниве општи критериуми:

- Да има универзитетско образование;
- Да има искуство во работењето со граѓанските организации;
- Да го познава секторот земјоделство и рурален развој;
- Да има развиени комуникациски и фасилитаторски вештини;
- Да има минимум 2 години искуство во спроведувањето на обуки
- Познавањето на условите и моменталната положба со економската активност на жените од руралните средини ќе се смета за предност

Крајниот резултат кој што треба да се достигне во рамките на оваа активност во проектот е:

Р.3. Зголемени знаења и вештини за застапување за економско јакнење кај жените од руралните средини

Експертот/ката ќе биде ангажиран/а вкупно 4 работни денови.
Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да доставаат професионална биографија (CV) и финансиска понуда најдоцна до **10 септември 2020 година во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

*П*роектот "Родовата еднаквост - клуч за економски силна рурална заедница" е финансиран како под-грант во рамките на проектот „Градење на капацитетите на МРР и нејзините членки" спроведуван од Мрежата за Рурален Развој, а финансиран од We Effect и **Шведската агенција за меѓународна соработка за развој (Сида).**